# „Ќе се појават владетели што ќе лажат и ќе чинат неправда. Кој ги прифати нивните лаги и им помогне во нивната неправда – не е од мене, и јас не сум од него

Хузејфе, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ќе се појават владетели што ќе лажат и ќе чинат неправда. Кој ги прифати нивните лаги и им помогне во нивната неправда – не е од мене, и јас не сум од него, и нема да пријде до мојот извор. А кој не ги прифати нивните лаги и не им помогне во нивната неправда – тој е од мене, и јас сум од него, и ќе дојде кај мојот извор.“
[صحيح] [رواه أحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека по неговата смрт со луѓето ќе владеат владетели кои ќе лажат – ќе зборуваат нешта што не ги исполнуваат, и ќе пресудуваат неправедно. Кој им приоѓа, ги прифаќа нивните лаги или им помага во нивната неправда – било со дела, било со зборови, како што е давање фетва за да им се угоди и да се добие нешто од нив – тој не е од мене, и јас не сум од него. Таквиот нема да пријде до мојот извор на Судниот ден. А кој не им пристапува, не ги прифаќа нивните лаги и не учествува во нивната неправда – тој е од мене, и јас сум од него, и тој ќе пријде до мојот извор на Судниот ден.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee